# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 49 став 9 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНО ИЗДАВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов и начинот на нејзино издавање.

**Член 2**

Легитимацијата за рекреативен риболов се издава на образец во форма на пластична картичка со димензии 5,4 x 8,5 сантиметри.

Предната страна на легитимацијата за рекреативен риболов е со светло сина боја со лого на Македонската риболовна федерација и содржи текст Легитимација за рекреативен риболов број _________, Датум на издавање ________, место за фотографија и бар код, име и презиме, адреса и место на живеење, број на лична карта и риболовно здружение. Задната страна на легитимацијата за рекреативен риболов е со бела боја и на неа се лепат маркици за годината на нејзиното времетраење.

Маркицата за продолжување на легитимацијата е во форма на круг со дијаметар од 3 цм. Изработена е од леплива фолија во сребрена боја со текст важи за _________ година врз која е аплициран сув печат на Македонската риболовна федерација.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов едадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Легитимациите за рекреативен риболов Македонската риболовна федерација ги издава на риболовни здруженија кои доставиле барање за издавање на легитимациите за своите членови. Кон барањето риболовните здруженија доставуваат список на рекреативни риболовци членови на здружението за кои се бараат легитимациите со доказ за платен надомест за нивното издавање.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов, формата и содржината на образецот на дозволите за рекреативен риболов и формата и содржината на образецот за водење евиденција за број на издадени дозволи и уловената риба (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/08).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2011 година.

Бр. 08 – 11095/1
7 декември 2010 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.

**Прилог**

Образец на легитимацијата за рекреативен риболов

Предна страна




Задна страна

Место за лепење маркици